EUROVIA.
HOLDING



# МАРТ
2022

# highlights

# СОДРЖИНА


04 WOMEN IN CONSTRUCTION WEEK

07 НАШИТЕ ЖЕНИ

08 НОВИ ИМОТИ ОД EUROVIA PROPERTIES

04 EUROVIA PROPERTIES

07 НОВ ВРАБОТЕН ЗА МЕСЕЦ МАРТ

08 ТЕТОВО ГО ДОБИ СВОЈОТ ПРВ БАЗЕН

10 AMA CAFFE НОВИ ПРОИЗВОДИ

11 SCREEN MEDIA КАМПАЊИ ВО МЕСЕЦ МАРТ

12 РЕБРЕНДИРАЊЕ НА СЛУЖБЕНИ ВОЗИЛА

# WOMEN IN CONSTRUCTION WEEK
## 6 - 12 МАРТ

***Фокусот на Women in Construction Week е да се подигне свеста за можностите што им се достапни на жените во градежната индустрија и да се нагласи растечката улога на жените во индустријата.***

04



Токму поради оваа причина, ***ЕУРОВИА*** ја посветува првата недела од март за истакнување на растечката улога на жените во градежната индустријата. На оваа тема зборува **Радмила Б. Михајловска**, која ги сподели нејзините искуства и согледувања во текот на годините. Радмила е *Менаџер на проекти* во ***ЕУРОВИА***, и во текот на нејзината 12-годишна успешната кариера, управувала со проекти за реномирани компании.

***Што мислите, како може повеќе жени да се охрабрат за да работат во градежништвото?***

*- Во секторот дефинитивно сè уште доминираат мажите и би сакала да видам дека оваа индустрија станува сè повеќе и повеќе застапена од жените. Според мене, жените треба да имаат повеќе информации за можностите и достапните кариери во рамките на градежната индустрија. Сите можеме да учиме едни од други и затоа би ги охрабрила локалните училишта и универзитети да им ги покажат на жените придобивките од работењето во градежната индустрија, организирајќи им на младите луѓе да ги слушнат искуствата од жените кои го избрале овој пат во кариерата.*



***Што Ве исполнува во вашата работа?***

*- Она што ме прави горда е крајот на секој проект за кој напорно се вложувам. Секојдневно се среќаваме со многу проблеми, но секогаш е нешто што можеме да го решиме.*
*Навистина е убаво чуството кога ќе ги забележите вашите проекти во градот. Потоа, на крајот, гледате дека сте дел од нешто, што го создал вашиот тим.*

***Дали би им препорачале на другите жени да го следат вашиот пат во кариерата?***

*- Дефинитивно, можностите и напредувањето на кариерата во градежништвото се бесконечни и секогаш се развиваат – огромно е задоволство за нас што можеме да го имаме ова како одржлива опција за кариерата. Како и секоја друга кариера, треба да се фокусирате и да работите напорно за да можете да ги соберете придобивките.*
*Кариерата во архитектурата може да биде многу корисна. Има толку широк спектар на проекти во кои можете да се вклучите. Јас би ги охрабрила жените да стекнат што е можно повеќе искуство во праксата, за да можат да откријат каде да се вклопуват нивните вештини и нивото на интерес.*



***Каде би сакале да ја видите индустријата после пет години?***

*- Ние сме креативна сила и треба да ги движиме промените и иновациите во нашиот сектор. За пет години, би сакала да бидам архитект вклучен во сите градежни проекти, но за да се случи тоа, индустријата треба да биде порелевантна за крајниот корисник, слушајќи и прилагодувајќи ги своите услуги за да стане нешто што луѓето го сакаат, наместо да остане заглавена во минатото, обезбедувајќи ја истата стара услуга што ја имала отсекогаш.*

# НАШИТЕ ЖЕНИ




НОВИ ИМОТИ ОД
EUROVIA.
PROPERTIES
COMING



SOON...

# EUROVIA.
## PROPERTIES




За повеќе проекти од ***EUROVIA PROPERTIES***, проверете ја нашата веб-страница www.reality.eurovia.mk.

# НОВ ВРАБОТЕН ЗА МЕСЕЦ МАРТ





Нашите луѓе се нашето најголемо богатство.
Би сакале да ја искористиме приликата за да ја претставиме ***Бесмире Бафтијари*** и да и посакаме топло добредојде во нашиот тим.

# ТЕТОВО ГО ДОБИ СВОЈОТ ПРВ ЗАТВОРЕН БАЗЕН

Првиот затворен базен во Тетово е спремен за употреба. Отсега љубителите на спортот ќе бидат во можност да ги спроведат спортските активности во новиот пливачки базен.





Овој проект за првпат се релизира во нашата општина и затоа веруваме дека градењето на иднината може да се случи само доколку инвестираме во младите и продолжиме да работиме со сите сили за да допринесеме за следните генерации.



Il mio amato caffè

# НОВИ ПРОИЗВОДИ





# screenmedia КАМПАЊИ ВО МЕСЕЦ МАРТ


















# РЕБРЕНДИРАЊЕ НА СЛУЖБЕНИ ВОЗИЛА

Поради конзистентност, компанијата ***ЕУРОВИА*** да стане препознатлива како кај вработените, така и кај клиентите, се одлучивме елементите на компанијата да ги вклучиме во физичкиот дизајн на службените возила, а не само во печатените или онлајн промотивни материјали.



# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## Март 2022




**За повеќе информации, посетете го нашиот блог:**
**blog.eurovia.mk**